# THE LEGAL RECOGNITION OF ECOCIDE: A NECESSARY EVOLUTION IN INTERNATIONAL CRIMINAL LAW

**Veronika Gazepova**
Faculty of Law, University "Goce Delchev" – Shtip, North Macedonia,
veronika.30712@student.ugd.edu.mk

**Abstract:** The state of the environment, nature and ecosystems is deteriorating daily. There is a serious need to introduce a more stringent legal framework in the area of suppression and punishment of environmental crimes, especially ecocide as a still uncriminalized crime in all legal systems. The purpose of this research is to explain the need for its legal recognition, as well as the evolution in international criminal law. The methodology of this legal research includes a comparative method and a method of analysis of data related to ecocide as a crime against nature. Legal recognition of ecocide would mean liability for corporate and state actors responsible for serious damage to the environment. Determining the scope of ecocide and establishing intent, i.e. guilt, are the key obstacles to its formalization as an international crime. The results of this research should include an analysis of the concept of ecocide, its historical development, current conditions, then the evolution of international criminal law in the area of ecocide and conclusions and recommendations for the future. What is needed is not only legal recognition of ecocide, but also an increase in legal awareness in this area of environmental criminal law, with the goal of establishing the guilt and responsibility not only of individuals, but also of legal entities. Such increased criminal liability would deter them from large-scale environmental destruction. On the other hand, the existing legal frameworks would be further strengthened. The United Nations has recognized ecocide as an urgent issue, with certain of its bodies making efforts to incorporate it into international criminal law. The International Criminal Court as a judicial body faces the challenge of adopting ecocide as the fifth crime under the Rome Statute, while the European Union is considering including ecocide as a crime in the existing Green Deal and the legal framework for environmental justice. It is necessary to recognize such a legal concept that will encompass a wider spectrum of environmental crimes, on the international stage, as is the case with our country, because the environment in which we live should belong to future generations.
**Keywords**: ecocide; environmental crime; crime; legal evolution;

# ПРАВНОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА ЕКОЦИДОТ: НЕОПХОДНА ЕВОЛУЦИЈА ВО МЕЃУНАРОДНОТО КРИВИЧНО ПРАВО

**Вероника Газепова**
Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Република Северна Македонија,
veronika.30712@student.ugd.edu.mk

**Апстракт**: Состојбите со животната средина, природата и екосистемите секојдневно се влошува. Постои сериозна потреба од воведување на посериозна правна рамка во делот на сузбивање и казнување на еколошките кривични дела, особено Екоцидот како сеуште неинкриминирано кривично дело во сите правни системи. Целта на ова истражување е да се објасни потребата од негово правно признавање, како и еволуцијата во меѓународното кривично право во овој дел. Методологијата на ова правно истражување опфаќа компаративен метод и метод на анализа на податоците поврзани со екоцидот како злосторство против природата и нашиот правен систем. Правното признавање на екоцидот би значело одговорност за корпоративните и државните актери одговорни за сериозна штета на животната средина. Одредувањето на обемот на екоцидот и утврдувањето на намерата, односно вината се клучните пречки за негово формализирање како меѓународно злосторство. Резултатите од ова истражување треба да опфатат анализа на поимот екоцид, неговиот историски развој, сегашните состојби, потоа еволуцијата на меѓународното кривично право во делот на екоцидот и заклучоци и препораки за понатаму. Потребно е, не само правно признавање на екоцидот, туку и зголемување на правната свест во овој дел на еколошкото кривично право. За одредна целна точка се зема утврдувањето на вината и одговорноста не само на физичките, туку и на правните лица. Ваквата зголемена казнена одговорност би ги одвратило истите од уништување на животната средина од големи размери. Од друга страна, пак, веќепостоечките правни рамки би биле уште позајакнати. Обединетите нации го имат признаено како итно прашање екодицот, при што одредени негови тела и прават напори во инкорпорирањето во меѓународното кривично право. Меѓународниот кривичен суд како судска

инстанца се соочува со предизвик за усвојување на екоцидот како петто кривично дело според Римскиот статут, додека Европската унија разгледува вметнување на екоцидот како кривично дело во веќе постоечките Green Deal и правната рамка за еколошка правда. Неопходно е препознавање на ваквиот правен концепт кој ќе опфаќа поголем спектар на еколошки кривични дела, на меѓународната сцена, како што е тоа случајот со нашата држава, бидејќи средината во која живееме ние треба да им припадне и на идните генерации.

**Клучни зборови**: екоцид еколошки криминал, злосторство, правна еволуција

## 1. ВОВЕД

Воведувањето на нови еколошки правни правила во рамки на Европската унија, рекациите од невладини организации кои се специјализираат за заштита на животната средина, како и претендирањето кон воведување на нови стандарди во сите земји ширум светот, става за јасно дека ситуацијата со животната средина е веќе алармантна.

Сега е поважно од кога било да постои поцврста законска рамка за заштита на екосистемите, бидејќи деградацијата на животната средина се забрзува низ целиот свет. Едно од најитните, но нерешени правни прашања во меѓународното право е екоцидот, кој се карактеризира како голема, сериозна и систематска штета на животната средина. Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд (МКС), кој ги надгледува злосторствата против човештвото, воените злосторства и геноцидот, не го вклучува екоцидот како кривично дело и покрај разорните ефекти од индустриското загадување, уништувањето на шумите, излевањето нафта и деградацијата поврзана со климата. Меѓутоа, постои растечко движење за да се направи еколошка штета како кривично дело според меѓународното право со признавање на екоцидот како петто меѓународно злосторство.

Освен уништувањето на животната средина, екоцидот е напад врз основата на постоењето и злосторството против идните генерации. И покрај тоа што постојат сè поголеми докази дека државите и големите фирми - корпорации предизвикуваат катастрофална штета на животната средина, сепак меѓународното кривично право сè уште е недоволно за да ги повика сторителите на одговорност.

За разлика од воените злосторства и геноцидот, екоцидот сè уште е класифициран како легална сива зона, што дозволува широко распространета еколошка штета како што се уништувањето на шумите, излевањето нафта и отстранувањето на токсичен отпад да остане неказнето.

Суштинскиот развој во меѓународното кривично право ќе го означи всушност правното признавање на екоцидот, што гарантира дека луѓето, бизнис-заедниците и извршните власти можат да бидат одговорни за дела кои резултираат со трајна еколошка штета. Меѓународните правни експерти предложија формална дефиниција за вклучување на екоцидот во правната рамка на МКС, а државите, вклучително и Франција, Белгија и Малдиви, презедоа чекори во последниве години за да го криминализираат. Нашата држава од 2023 година, во своето кривично законодавство го има инкорпорирано екоцидот како кривично дело. И покрај овие иницијативи, напредокот сепак е попречен од противењето на влијателните политички и економски групи.

Овој труд опфаќа анализа на правниот напредок и тешкотиите во признавањето на екоцидот според меѓународното право. Воедно ја нагласува потребата од инкорпорирање на екоцидот како меѓународното кривично право, со цел да се гарантира еколошката правда и долгорочната еколошка одржливост преку преиспитување на тековните правни рамки на државите ширум светот, студии на случај и меѓународни иницијативи за застапување.

## 2. ЕКОЦИДОТ КАКО ПРЕДИЗВИК НА 21-ОТ ВЕК

Целта на овој труд е детектирањето на Екоцидот како дел од широката лепеза на еколошкиот криминал, со низа препораки за понатамошно правно регулирање. Еколошкиот криминал е широка категорија на прекршоци кои вклучуваат трговија со дрва и диви животни, нелегален риболов, нелегална трговија со отпад, загадување и суровост кон животните (како што се борби со кучиња, борби со петли и мачење животни). Секој од овие прекршоци често се поврзува со други кривични дела, вклучувајќи корупција, измама и насилни злосторства. Еколошкиот криминал е третата по големина област на криминални активности во светот, генерирајќи до 280 милијарди долари незаконски приход годишно (FBI , 2025). Како таков претставува еден од приоритетите на Европската унија во борбата против тешкиот и сериозен криминал.

Еко – криминалот ги опфаќа незаконските активности кои директно и нанесуваат штета на животната средина што има неколку аспекти: загадување на вода, воздух, почва, нелегална трговија со диви животни, уништување на флора, фауна итн, а екоцидот е потежок концепт, кој се однесува на масовно уништување на

животната средина од големи размери што значително им штети на екосистемите, често со долгорочни или неповратни последици.

Опсегот на активности кои се однесуваат на еколошкиот криминал ги има детално опфатено (Europol, 2025), кои се однесуваат на отпад (во форма на неправилно отстранување, обновување, собирање и транспорт), потоа складирање опасни материи, убивање или уништување на диви животни и растителни видови и употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка.

Светот се бори со мноштво итни еколошки предизвици кои бараат итно внимание и акција. Од катастрофи предизвикани од климатските промени до губење на биолошката разновидност и загадување со пластика, неколкуте еколошки проблеми даваат остра слика за итната потреба од ублажување и адаптација на климатските проблеми (Robinson, D. Igini, M., 2025).Едно од најзначајните прашања е екоцидот, познато како големо уништување на природната средина, често предизвикано од индустриските активности, уништувањето на шумите и шумските предели, рударство и загадување со фосилни горива.

Како што го тоа утврдува (Sarliève, M., 2021) во своето правно излагање, зборот екоцид вообичаено се однесува на уништување и уништување на животната средина на штета на животот. До денес, не постои универзално прифатена правна дефиниција за овој концепт, ниту е општо прифатено дека екоцидот може да биде кривично дело. Терминот екоцид [ecocide, eco и cide – деструкција, уништување] за прв пат бил употребен во 1970 година од страна на професорот Arthur W. Galston, на Конференцијата за војна и национална одговорност во Вашингтон, притоа со него означувајќи различни дејства на опустошување и уништување кои имаат заедничко тоа што тие имаат за цел да ја оштетат или уништата екологијата на географските области на штета на човечкиот живот, животинскиот свет и растителниот свет (Kosevaliska, O., Nanev, L., & Naneva Zimoska I., 2023).

Всушност конекцијата на екоцидот се врзувала со воените периоди и се класифицирало како опустошување на природата и животната средина само во војна. Новите концепти веќе опфаќаат секакво масовно загадување. Ваквата идеја доби на внимание од страна на правните експерти и еколози кои сметаат дека покрај меѓународните воени кривични дела и екоцидот треба да се смета за меѓународно кривично дело.

Заложбите за признавање на екоцидот како кривично дело продолжуваат подоцна во јуни 2021 година, кога дванаесет адвокати од целиот свет се состанаа за да се формираат независен експертски панел од Фондацијата Стоп за екоцид предложи а правна дефиниција на екоцидот, со цел да се води амандман на Римскиот Статут на Меѓународниот кривичен суд (Moribe, C.M, Pereira, F.L.B. & de Franca, N.P.C, 2023).

Бројните еко катастрофи ги претставуваат разорните ефекти кои настануваат од екоцидот. Неколкумина од тие се: Уништувањето на Амазонските шуми, Излевањето на нафтата во делтата на Нигер, загадувањето на реката Сејм во Украина итн.

Уништувањето на шумите во Амазон е прашање од современиот свет што не погодува сите, заради фактот што шумите се нашите бели дробови. Последиците од уништувањето на шумите во Амазон вклучуваат значителна загуба на видовите и нивните живеалишта, нарушување на домородните народи и нивното здравје, зголемување на емисиите на $CO2$ и негативно изменет циклус на вода низ целиот свет (Wegrowski, B., 2019). Фактори кои влијаат врз ваквото масовно уништување на Амазонските шуми се изградбата на патната инфраструктура и браните, како и човековата потреба за егзистенција изразена преку одгледување на земјоделски култури, занимавање со сточарство итн.

Друг случај кој се однесува на масовно уништување на животната средина и природата е излевањето на нафтата од Deepwater Horizon нафтената платформа - лоцирана во Мексиканскиот Залив, која екслодира и потона во водата. Ова дополнително предизвика негативно влијание врз повеќето индустрии во државите, но и затворање на водите за риболов, под страв од контаминација. Оваа ситуација доби правна разврска во 2013 година, откако беше уапсен и осуден на казна затвор поранешен висок инжинер (Pallardy, R., 2024).

Трет и релативно понов случај, се однесува на реката Сејм којашто тече североисточно од Киев. Реката претрпе сериозно загадување во 2024 година, предизвикувајќи тешка еколошка катастрофа со опасност со загадување на мрежите за пиење во цела Украина, покрај 43 тони отруени риби (Follorou, J., 2024).

Ваквите катастрофи имаат една заедничка карактеристика, а тоа е дека сите се настанати од човекот и неговите дејствија. Ова би значело дека свеста кај луѓето за можните последици од загадувањето на природата е на многу ниско ниво, а „лесните“ казни овозможуваат на криминалците повторување на истите дејствија одново и одново.

## 3. МЕЃУНАРОДНА И ДОМАШНА ПРАВНА РАМКА

Во Статутот на Меѓународниот кривичен суд, не е прецизно определен поимот екоцид, но постои едно поимно определување на воените кривични дела во членот 8 (2b(iv)) според кој воени кривични дела се „Други сериозни прекршувања на законите и обичаите кои се применуваат во меѓународниот вооружен

конфликт, во воспоставената рамка на меѓународното право, имено, кое било од следните дејствија: Намерно започнување напад со знаење дека таквиот напад ќе предизвика случајна загуба на живот или повреда на цивили или штета на цивилни објекти или широко распространето, долгорочно и сериозно оштетување на природната средина, кое би било јасно претерано во однос на предвидената конкретна и директна севкупна воена предност (ICC, 2021)".

Други меѓународни правни акти кои индиректно се однесуваат на Екоцидот се: Парискиот договор, Конвенцијата на ОН за биолошка разновидност и Архуската конвенција.

Парискиот договор од 2015 година е донесен заради намалување на емисиите на јаглерод за земјите – потписнички, а заради постигнување на една единствена цел одржување на глобалното затоплување под 2 степени целзиусови до 2030-тата година.

(Robinson, R., 2021) поентира, додека некои тврдат дека Парискиот договор е еден од најуспешните мултилатерални договори, договорот е далеку од исполнување на неговите цели. 75% од обврските на државите за намалување на емисиите се недоволни и се пресметува дека до крајот на векот, глобалното затоплување ќе достигне 4 степени целзиусови. За подобро справување со еколошката штета, членовите на меѓународната заедница се залагаат за измена на Римскиот статут за да го вклучи екоцидот како петто меѓународно злосторство.

Во нашиот кривичен законик, со измените во 2023 година се воведе Екоцидот како ново кривично дело и за прв пат македонското казнено законодавство предничи пред европското кривично право во овој дел. Текстот на новото кривично дело е определен во член 218-б според кој „Тој што спротивно на закон, со намера да предизвика штета на животната средина ќе преземе дејствие или ќе пропушти да преземе дејствие поради кое ќе настане сериозна или широкораспространета или долготрајна штета на животната средина, ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор" (Службен весник на РСМ, бр.37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04,).

Објект на заштита на ова кривично дело претставува здравата животна средина (чист воздух, вода и почва), што, впрочем, е карактеристика на сите таканаречени „еколошки кривични дела". Како сторител (активен субјект) на ова кривично дело може да се јави секое лице (delicta comunia). Законот не пропишува исполнување посебно својство на сторителот, но наспроти тоа законодавецот искористил генерална клаузула за можен сторител на делото преку инкорпорирање на зборовите „Тој што" (Кацаров, А., 2024).

Покрај Република Северна Македонија и Франција го призна екоцидот како кривично дело и го воведе во своето кривично законодавство.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Важен прв чекор во усогласувањето на правните системи, покрај итната потреба за зачувување на животната средина е назначувањето на екоцидот како меѓународно кривично дело. Законите на државите ширум светот мораат да се реформираат, за да можат да одговорат на овие нови прашања, бидејќи деградацијата на животната средина и климатските промени ја загрозуваат стабилноста на планетата Земја. Светската заедница би испратила силна порака, дека рашireното уништување на животната средина не е само неморално, туку претставува и тешко кривично дело со правни последици, доколку екоцидот се направи кривично дело. Зголемената поддршка на законите за екоцидот е показател за поголемо движење кон одговорноста и одржливото управување, иако сè уште постојат предизвици за имплементација. На крајот, инкорпорирањето на екоцидот во меѓународното кривично право е за заштита на иднината на планетата и животите на оние кои зависат од неа, а не само за казнување на криминалците.

Не може, а да не се напомене дека освен што предизвикува непосредна штета на екосистемот, екоцидот има далекусежни ефекти. Ги оштетува екосистемите, ги забрзува климатските промени и ја загрозува безбедноста на храната и водата. Понатаму, маргинализираните и домородните групи често го носат товарот на деградација на животната средина, губејќи ги своите домови, културното наследство и финансиската сигурност. Светот може да преземе витален чекор кон спречување на овие штети и заштита на идните генерации преку легално признавање на екоцидот.

Екоцидот треба да се препознае како меѓународен криминал за да се обезбеди одговорност за уништување на животната средина од големи размери и заштита на екосистемите за идните генерации. Денес, загадувањето останува една од најголемите причини за еколошка штета, штети на воздухот, водата и квалитетот на почвата. Пластичното ѓубре ги затнува океаните, индустриските емисии ја трујат животната средина, а хемиските истекувања ги загадуваат клучните извори на вода. Емисиите на јаглерод придонесуваат за климатските промени, кои ја забрзуваат деградацијата на животната средина преку нарушување на екосистемите и интензивирање на загубата на биолошката разновидност. Уништувањето

опстојува бидејќи на многу нации им е тешко да ги спроведат законите, дури и во услови на меѓународни напори како Парискиот договор и програмите за одржливост.
Екоцидот би требало да биде признат како меѓународно кривично дело поради неколку причини: со закон ќе се одврати невнимателно деловно и владино однесување, ќе се поведе одговорност за сторителите: оние кои предизвикуваат еколошка штета ќе бидат повикани на одговорност со обезбедување на правни канали на жртвите да ја следат правдата и најзначајното глобална заштита на животната средина: со воспоставување конзистентни стандарди, меѓународната правна рамка ќе ги спречи влијателните организации да ги искористат предностите на лабавите закони за животната средина.

**ЛИТЕРАТУРА**

Europol. (2025). Environmental Crime. Повратено од Crime areas - Environmental Crime: https://www.europol.europa.eu/crime-areas/environmental-crime
FBI . (2025). Environmental Crime. Повратено од What we investigate: https://www.fbi.gov/investigate/environmental-crime
Follorou, J. (2024, November 05). Who killed Ukraine's Seym River? Investigation into accusations of ecocide. Повратено од www.lemonde.fr: https://www.lemonde.fr/en/environment/article/2024/11/05/who-killed-ukraine-s-seym-river-investigation-into-accusations-of-ecocide_6731683_114.html#:~:text=Ukraine's%20Seym%20River%3F-,Investigation%20into%20accusations%20of%20ecocide,poisoned%20Ukrainian
ICC. (2021). Rome Statute of the ICC. ISBN No. 92-9227-386-8. Повратено од https://www.icc-cpi.int/sites/default/files/2024-05/Rome-Statute-eng.pdf
Kosevaliska, O., Nanev, L., & Naneva Zimoska I. (2023). ECOCIDE: A FUTURE 'NEW" CRIME IN THE MANDATE OF THE INTERNATIONAL CRIMINAL CODE: REALITY OR PHANTASY?. Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World, 203-216.
Moribe, C.M, Pereira, F.L.B. & de Franca, N.P.C. (2023). ECOCIDE: A NEW CHALLENGE FOR THE INTERNATIONAL CRIMINAL LAW AND FOR HUMANITY. Journal of International Criminal Law, 28-40.
Pallardy, R. (2024, December 19). Deepwater Horizon oil spill. Повратено од www.britannica.com: https://www.britannica.com/event/Deepwater-Horizon-oil-spill/Legal-action
Robinson, D. Igini, M. (2025, January 09). Earth.org. Повратено од 15 Biggest Environmental Problems of 2025: https://earth.org/the-biggest-environmental-problems-of-our-lifetime/
Robinson, R. (2021). Addressing Climate Change: Comparing the Paris Agreement to. An Undergraduate Journal of Contemporary Connections 5.
Sarliève, M. (2021). Ecocide: Past, Present, and Future Challenges. Во A. M. Walter Leal Filho, Life on Land. Hague.
Wegrowski, B. (2019). Deforestation in the Amazon Rainforest. Повратено од ballardbrief.byu.edu: https://ballardbrief.byu.edu/issue-briefs/deforestation-in-the-amazon-rainforest#:~:text=Consequences%20of%20deforestation%20in%20the,water%20cycle%20around%20the%20globe.
Кацаров, А. (2024). Екоцид - ново кривично дело од областа на еколошкиот криминалитет. Правен дијалог, 122-128.
Службен весник на РСМ. (бр.37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04,). Кривичниот законик на РСМ. Скопје, РСМ.